# Да не се изнесуваат неосновани обвинувања за непрофесионалност на медиумите

**Скопје, 8 јуни 2020г. –** До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обрати ТВ 21 -М со реакција за обвинувањата од лидерот на политичката партија Алијанса на Албанците дека телевизијата преку емисијата ЕУ Клик користи ЕУ фондови за промоција на кампањата на ДУИ .

Во својата реакција, ТВ 21-М наведува дека емисијата не се користи за предизборни кампањи и дека гостите во емисијата, чиј состав е разнолик, се повикувани во зависност од темите што се обработуваат.

Со мониторинзите што Агенцијата ги прави за начинот на известување на радиодифузерите и застапеноста на политичкиот плурализам не се забележани неправилности во однос на ТВ 21-М. Напротив, последната оценка од посеопфатниот мониторинг на програмата на оваа телевизија наведена во Извештајот од медиумското известување за Предвремени парламентарни избори за период од 17 февруари до 16 март  е дека  при известувањето на ТВ 21 -М „*беше почитувано начелото на објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања*“. Предмет на мониторинг во наведениот период беа и сите емитувани изданија на ЕУ Клик.

Известувањето на медиумите може да се оценува само врз основа на мониторинг, спроведен според научно утврдена методологија, а не врз личен впечаток или интереси.  Имајќи го  ова предвид, Агенцијата повикува, сите, а особено политичките субјекти да

се воздржат од јавно изнесување на паушални оценки затоа што ваквото постапување не само што наштетува на угледот на медиумите туку претставува и притисок врз нив со што сериозно се загрозува слободата на изразување и информирање.